ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата и министер за финансии и

Ардиан Џељадини, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ: Игор Димитров, државен секретар во Министерството за финансии,

Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и

Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за национални патишта, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка

Скопје, ноември 2014 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 42-9138/1
18.11.2014 година
Скопје

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог - закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за национални патишта, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 18.11.2014 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Зоран Ставрески, заменик на претседателот на Владата и министер за финансии и Ардиан Џељадини, заменик на министерот за финансии, а за повереници Игор Димитров, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА
м-р Зоран Ставрески

Подготвил: Зоран Брњарчевски
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Програмата за национални патишта во износ од 160 милиони евра ќе се финансира со заем од ЕБОР и ќе се реализира во две транши. Првата транша е во износ од 74 милиони евра, а втората транша ќе биде во износ од 86 милиони евра. Овој проект е дел од политиката на Владата на Република Македонија за подобрување на квалитетот на патната инфраструктура во Република Македонија. Имплементатор на проектот ќе биде ЈП за државни патишта.

Реализацијата на Проектот ќе ги опфаќа следните делови:

1. Прва транша:

Дел А: Изградба на патниот правец на ниво на експресен пат, делница мост на р. Раец -клучка Дреново и реконструкција на патниот правец Штип-Кочани на ниво на експресен пат

Дел Б: Воспоставување на дигитална архива и електронски систем за набавка

Дел В: Консултантски услуги за Планот за управување со биолошка разновидност и Планот за управување со заштита/одржување на биолошка разновидност од изградба на патниот правец Раец – Дреново.

2. Втора транша:

Дел Г: Изградба на патните правци: експресен пат Охрид-Пештани и автопат Струга-Требеништа.

ЈП за државни патишта ќе може да започне со повлекување на првата транша од заемот во износ од 74 милиони евра по исполнување на условите за ефективност утврдени во Договорот за заем за Програмата за национални патишта. Втората транша во износ од 86 милиони евра ќе биде достапна за повлекување доколку се исполнат условите утврдени во Договорот за заем за Програма за национални патишта.

Преговорите меѓу претставниците на ЕБОР и претставниците на македонската делегација се одржаа на 14 октомври во Скопје, за време на кои се усогласи финалниот текст на Договорот за заем, кој ќе се склучи помеѓу ЈП за државни патишта и ЕБОР, како и Договорот за гаранција кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и ЕБОР. Проектот ќе биде одобрен од страна на Одборот на Директори на ЕБОР на седницата закажана за 12.11.2014 година.

Дополнително, ЕБОР ќе обезбеди грант средства во износ од 950.000 евра за консултантска помош за имплементација на проектот и поддршка на компонентата за градење на капацитетите.

По усвојувањето на Законот за гаранција од страна на Собранието на Република Македонија и неговото објавување во Службен Весник на Република Македонија, предвидено е склучување на:

- Договор за гаранција за финансирање на Програмата за национални патишта, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој,

- Договор за заем за финансирање на Програмата за национални патишта, кој ќе се склучи меѓу ЈП за државни патишта и Европската банка за обнова и развој и

- Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски меѓу Министерството за финансии и ЈП за државни патишта.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/14), во име на Владата на Република Македонија, Министерот за финансии потпишува договор за издавање на гаранција кон странски заемодавач, како и договор за обезбедување на државна гаранција со субјектот во чие име е издадена, по претходно донесен закон за издавање на државна гаранција.

Оттука, Владата на Република Македонија изготви Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за национални патишта, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и ЈП за државни патишта, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Проектот е подобрување на квалитетот на патната инфраструктура во Република Македонија.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на Програмата за национални патишта.

Оттука, ЈП за државни патишта и Европската банка за обнова и развој ќе склучат Договор за заем, додека Република Македонија и Европската банка за обнова и развој ќе склучат Договор за гаранција наменет за реализација на Програмата за национални патишта во износ од 160.000.000 евра.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

ЈП за државни патишта ќе се задолжи со заем во износ 160.000.000 евра за Програмата за национални патишта. Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) го условува одобрувањето на заемот со давање на гаранција од страна на Република Македонија. Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу ЕБОР и ЈП за државни патишта за Програмата за национални патишта во износ од 160.000.000 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку ЈП за државни патишта не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Заемот ќе биде доделен на Република Македонија под следните услови:

- Рокот за отплата на заемот е 15 години, со вклучен грејс период од 4 години.

- Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%.

- ЈП за државни патишта ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1 % од износот на првата транша во рок од 7 дена од денот на ефективност на траншата. Во рок од 7 дена од денот на достапноста за користење на втората транша ЈП за државни патишта ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1 % од износот на втората транша.

- ЈП за државни патишта ќе и плаќа на Европската банка за обнова и развој провизија за неповлечени средства во висина од 0,5%. Провизијата за неповлечени средства за првата транша ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем. Провизијата за неповлечени средства за втората транша ќе започне да се пресметува по 7 дена од денот на достапноста за користење на втората транша.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за проценка на фискалните импликации даден во прилог на овој материјал.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА НАЦИОНАЛНИ ПАТИШТА

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за национални патишта, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и ЈП за државни патишта, да се донесе по скратена постапка.

Предлог - закон
за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за национални патишта, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за Програмата за национални патишта кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта во износ од 160.000.000 ЕВРА, доколку Јавното претпријатие за државни патишта не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот се утврдуваат со Договор за заем од член 1 од овој закон, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта за финансирање на Програмата за национални патишта.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од член 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши Јавното претпријатие за државни патишта од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем од член 1 на овој закон.

Член 4

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 15 години со вклучен грејс период од четири години.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1% .

Јавното претпријатие за државни патишта ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1 % од износот на првата транша во рок од седум дена од денот на ефективност на траншата.

Во рок од седум дена од денот на достапноста за користење на втората транша Јавното претпријатие за државни патишта ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1 % од износот на втората транша.

Јавното претпријатие за државни патишта ќе и плаќа на Европската банка за обнова и развој провизија за неповлечени средства во висина од 0,5% од заемот на годишно ниво.

За износот на неповлечени средства од заемот за првата транша провизијата ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем од член 1 на овој закон, а провизијата за неповлечени средства за втората транша ќе започне да се пресметува по седум дена од денот на достапноста за користење на втората транша.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од член 1 на овој закон и Договорот за гаранција Министерството за финансии и Јавното претпријатие за државни патишта ќе склучат посебен договор.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Реализацијата на Програмата за национални патишта во износ од 160 милиони евра го сочинуваат следните делови:

1. Прва транша:

Дел А: Изградба на патниот правец на ниво на експресен пат, делница мост на р. Раец - клучка Дреново и реконструкција на патниот правец Штип-Кочани на ниво на експресен пат

Дел Б: Воспоставување на дигитална архива и електронски систем за набавка

Дел В: Консултантски услуги за Планот за управување со биолошка разновидност и Планот за управување со заштита/одржување на биолошка разновидност од изградба на патниот правец Раец – Дреново.

2. Втора транша:

Дел Г: Изградба на патните правци: експресен пат Охрид-Пештани и автопат Струга - Требеништа.

Повлекувањето на заемот ќе се врши во две транши. ЈП за државни патишта ќе може да започне со повлекување на првата транша од заемот во износ од 74 милиони евра по исполнување на условите за ефективност утврдени во Договорот за заем за Програмата за национални патишта.

Втората транша во износ од 86 милиони евра ќе биде достапна за повлекување доколку се исполнат условите утврдени во Договорот за заем за Програмата за национални патишта.

Преговорите меѓу претставниците на ЕБОР и претставниците на македонската делегација се одржаа на 14 октомври во Скопје, за време на кои се усогласи финалниот текст на Договорот за заем, кој ќе се склучи помеѓу ЈП за државни патишта и ЕБОР, како и Договорот за гаранција кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и ЕБОР. Проектот ќе биде одобрен од страна на Одборот на Директори на ЕБОР на седницата закажана за 12.11.2014 година.

Дополнително, ЕБОР ќе обезбеди грант средства во износ од 950.000 евра за консултантска помош за имплементација на проектот и поддршка на компонентата за градење на капацитетите.

По усвојувањето на Законот за гаранција од страна на Собранието на Република Македонија и неговото објавување во Службен Весник на Република Македонија, предвидено е склучување на:

- Договор за гаранција за финансирање на Програмата за национални патишта, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој,

- Договор за заем за финансирање на Програмата за национални патишта, кој ќе се склучи меѓу ЈП за државни патишта и Европската банка за обнова и развој, и

- Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски меѓу Министерството за финансии и ЈП за државни патишта.

Согласно став 2, член 22 од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08, 35/2011 и 139/14), во име на Владата на Република Македонија, Министерот за финансии потпишува договор за издавање на гаранција кон странски заемодавач, како и договор за обезбедување на државна гаранција со субјектот во

чие име е издадена, по претходно донесен закон за издавање на државна гаранција.

Оттука, Владата на Република Македонија изготви Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за национални патишта, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и ЈП за државни патишта, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем со цел непречено имплементирање на Програмата за национални патишта, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

III. ПРИДОБИВКИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со реализацијата на овој проект ќе се подобри квалитетот на патната инфраструктура во Република Македонија, ќе се воспостави Систем за управување на безбедноста на патиштата, како и ќе се зајакне ИТ системот на ЈП за државни патишта преку воспоставување на Систем за дигитална архива и Систем за електронска набавка.

ЈП за државни патишта ќе се задолжи со заем во износ од 160 милиони евра за Програма за национални патишта.

Со овој Закон, Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Европска банка за обнова и развој и ЈП за државни патишта за Програмата за национални патишта во износ од 160 милиони евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку ЈП за државни патишта не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Сервисирањето на заемот ќе го врши ЈП за државни патишта од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и ЈП за државни патишта ќе склучат посебен договор.

Услови за ефективност на Договорот за заем се:

(а) воспоставување на Единица за управување со Проектот и назначување на консултант за имплементација на Проектот;

(б) доказ прифатлив за банката дека е отворена специјална сметка во согласност со условите прифатливи за банката;

в) акциони планови за оценка на влијанието врз животната средина и социо-економските аспекти договорени и усогласени со ЕБОР;

(г) доставување на Правно мислење од страна на Министерот за правда и Правно мислење од раководителот на правната служба во ЈП за државни патишта со кое се потврдува дека Договорот за заем и Договорот за гаранција се правно обврзувачки.

2. Услови за достапност на средствата од втората транша од заемот се следните:

(а) Детална анализа на влијанието врз животната средина и општествените аспекти за патните правци во рамките на втората транша и постапување во согласност со условите за јавно објавување и учество на сите вклучени страни;

б) задоволителен напредок во реализацијата на патните делници во рамките на првата транша и програмата за институционално зајакнување, вклучувајќи и соодветен напредок во градежните активности поврзани со делниците во рамките на првата транша, заедничка тендерска постапка за градежни работи и одржување на патиштата, како и назначување консултанти за сертификација за ИСО 39001 и развој на стандарди за ревизии за безбедност на патишта;

в) доказ дека заемопримачот и понатаму има доволно финансиски средства и очекувани приходи за покривање на тековните трошоци и сервисирање на обврските по основ на долг;

г) завршување на ревизиите за безбедност на патишта во врска со делниците во рамките на втората транша;

д) задоволителен напредок при спроведувањето и следењето на Плановите за заштита на животната средина и општествените аспекти за патните делници во рамките на првата транша, особено условите за Планот за управување со биолошка разновидност и Планот за управување со заштита/одржување на биолошка разновидност за патниот правец Раец - Дреново, вклучувајќи ги потребните финансиски средства и утврдените одговорности за спроведување на потребните мерки за ублажување и заштита/одржување на биолошката разновидност.

*ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ*

| | | |
|---|---|---|
| 1. Назив на предлогот: Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за Проектот за рехабилитација на државни патишта, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка | 2. Министерство/орган на државна управа: Министерство за финансии | |
| 3. Цел на предлогот: Обезбедување на средства за финансирање на Проектот за рехабилитација на државни патишта. | 4. Вид на предлог: Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за Проектот за рехабилитација на државни патишта, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка | |
| 5. Контакт лице и звање: Дејан Николовски, раководител на сектор | 6. Контакт тел./факс или е-пошта: Тел. 3255 411 dejan.nikolovski@finance.gov.mk | |

7. Активност:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br>( ) Друга нова регулатива | ( ) Нова програма<br>( ) Зголемување/ намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето / предложената активност: Обезбедување на средства за финансирање на Проектот за рехабилитација на државни патишта

Врска со владината програма:

| 9. Фискални импликации: | (илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
| А. Вкупни трошоци за предлогот | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (А-Б)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Г. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 | <br>0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| Ѓ. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: заем од Светска банка | | | | |
| 10. Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |

| | |
|---|---|
| 11. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Г) | Европска банка за обнова и развој одобрувањето на заемот го условува со давање на гаранција од страна на Република Македонија. Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем, кој ќе се склучи меѓу Европска банка за обнова и развој и ЈП за државни патишта за Проектот за рехабилитација државни патишта во износ од 160 милиони евра, во рокови и услови |

<table>
<tr><td></td><td>предвидени во Договорот за заем, доколку ЈП за државни патишта не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.</td></tr>
<tr><td>12. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дадете образложение.</td><td></td></tr>
<tr><td>13. Дата на завршување на проценката</td><td></td></tr>
<tr><td>14. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење:</td><td></td></tr>
<tr><td>15. Дата на добивање одговор од Министерството за финансии:</td><td></td></tr>
<tr><td>16. Измени побарани од Министерството за финансии:</td><td></td></tr>
<tr><td>Одговор на министерството-предлагач:</td><td></td></tr>
<tr><td>Одговор од Министерството за финансии:</td><td></td></tr>
<tr><td>17. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог:</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">18. Одобрено/дата:<br><br>____________________   __/__/__   ____________________   __/__/<br>Потпис на државен секретар или директор на орган   Ден/месец/год.   Зоран Ставрески Заменик претседател на Влада и Министер за финансии   Ден/месец/год.</td></tr>
</table>

Изработил: Андреа Лазаревска
Проверил: Кристина Павловска
Согласен: Дејан Николовски
Одобрил: Сузана Пецева